**20090330636**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 95 став 1 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 14/06 и 84/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.02.2009 година донесе

# ОДЛУКА ЗА ПРИФАТЛИВОСТА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ МОНОСПИТОВСКО БЛАТО ЗА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ ВО КАТЕГОРИЈАТА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа предлогот за прогласување на Моноспитовско Блато за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-875/1
28 февруари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.